Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 143/19,14/20 и 208/2024), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

## ПРАВИЛНИК

### за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1199/1 од 01.06.2015 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр.01-1199/4 од 11.08.2015 година, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2431/1 од 02.11.2015, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1268/1 од 02.06.2016, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-980/1 од 05.03.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-330/2 од 14.03.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1896/1 од 17.05.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2828/1 од 25.07.2018, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2837/4 од 02.10.2019, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2837/6 од 02.10.2019, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2735/1 од 10.11.2020, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр.01-296/1 од 03.02.2021, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-859/1 од 08.04.2021, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-1536/1 од 16.06.2021, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр.01-2788/1 од 29.11.2021 година, Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-3682/1 од 20.10.2022 година и Правилник за именување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп бр. 01-2647/1 од 27.07.2023 година.

**Член 2**

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, во Сектор за правни работи и општи работи, во Одделение за општи работи, работно место со реден број 19, со шифра УПР 04 02 А03 001, ниво обезбедување на објекти и опрема-III ниво, назив на работното место чувар III, бројот на извршители: 2, во бројот на извршители се менува и гласи „1 извршител“.

Член 3

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, во Сектор за правни работи и општи работи, во Одделение за општи работи, работно место со реден број 21, со шифра УПР 04 02 А02 001, ниво превоз на лица и опрема-II ниво, назив на работното место возач II, бројот на извршители: 3, во бројот на извршители се менува и гласи „2 извршител".

Член 4

Во Глава IV. Опис на работните места во Општина Пр, научно илеп , во 3.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина, во 3.1.1Одделение за урбанизам и заштита на животна средина, по работното место со реден број 81 УПР 01 01 В01 000, советник за планирање и спроведување на постапки за донесување на ДУП и ГУП, се додава ново работно место кое гласи:

| | |
|---|---|
| 3. Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина | |
| 3.1. Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина | |
| **Реден број** | 81-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за заштита на животната средина** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија<br>Научно истражувачко поле: Инженерство на животна средина |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно водење грижа за здрава животна средина и природа преку спроведување на законите од надлежната област и навремено донесување на потребните елаборати, планови, мислења и дозволи |
| **Работни задачи и обврски** | - Континуирано следење на законските прописи и другите општи акти од областа на заштита на животната средина и учествува во имплементација на одредбите од Законот за животна средина<br>-Изготвување решенија за одобрување на елаборати за заштита на животната средина и води/ажурира Регистар на одобрени елаборати;<br>-Вршење анализа на барањата за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи, врши увид на лице место на инсталациите кои доставиле барања за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи<br>-Изготвување на Б-интегрирани еколошки дозволи, доставува копија до органот на државна управа надлежен за работите од |

| | |
|---|---|
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија, Научно Истражувачко поле: Друго инженерство и технологии, друго инжинерство и технологии- Сообраќај и транспорт |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | - Активно, ефикасно и ефективно следење и примена на законите и другите прописи од областа на јавните патишта и улици<br>-поддршка во подготовка на програма за изградба, одржување и реконструкција на улиците и локалните патишта во општината<br>-следење на градежните работи од значење за уличната мрежа во општината<br>-предлага мерки за регулирање на режим на сообраќај на подрачјето на општината |
| **Работни задачи и обврски** | -континуирано ги следи, проучува и спроведува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и сообраќајот и се грижи за нивна примена<br>-учествува во изготвување на годишна програма за развој на сообраќајот на подрачјето на општината и го следи нејзиното извршување<br>-води регистар на улиците и локалните патишта во општината<br>-следи реализација на програма за изградба, одржување и реконструкција на улици и патишта<br>- обезбедување законитост и врши обработка на податоците за потребите за издавање на лиценци за вршење линиски превоз на патници во општината, лиценци за авто-такси превоз на патници, дозволи за определена линија за вршење на линиски превоз на патници и дозволи за посебен линиски превоз на патници<br>-прибира и обработува податоци за регистрација на возниот ред за определена линија за линиски превоз на патници<br>-учествува во предлагање на мерки за регулирање на режимот на сообраќај на подрачјето на општината<br>-учествува во предлагање и изработка на проекти за изградба и одржување на уличната сигнализација и јавните паркиралишта<br>-спроведување на одлуки на совет што се однесуваат на реализација на локален сообраќај |

| | |
|---|---|
| | областа на животната средина и води регистар на издадени Б-интегрирани еколошки дозволи<br>-Учествува во донесување и спроведување на планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух и доставува годишни извештаи за истиот до органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина<br>-Учестува во донесување и спроведување на Регионалниот план за управување со отпад<br>-Во консултација и соработка со раководителот на одделение и раководителот на сектор стручно обработување и давање мислење до МЖСГП за проекти кои ќе бидат имплментирани во општината, а кои би можеле да имаат значителни ефекти врз животната средина;<br>-Остварување соработка, учествува и по потреба раководи со проектни тимови кои работат на заштита на животната средина<br>-Врши прием на странки<br>-Водење управна постапка од областа на животна средина |

Член 5

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, 3.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина, во 3.2.Одделение за комунални работи, работното место со реден број 90, со шифра УПР 01 01 В03 000, звање соработник, назив на работното место урбана опрема, во делот вид на образование се менува и гласи: Научно истражувачко подрачје: Инженерство и технологија, Научно Истражувачко поле: инженерство на животна средина -геологија.

Член 6

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, 3.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина, во 3.3. Одделение за локални патишта и улици , по работното место со реден број 93, со шифра УПР 01 01 В01 000, звање советник, назив на работното место инфраструктура и сообраќај, се додава ново работно место кое гласи:

| 3. Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина | |
|---|---|
| 3.3. Одделение за локални патишта и улици | |
| **Реден број** | 93-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за сообраќај, патишта и улици** |
| **Број на извршители** | 1 |

| | |
|---|---|
| | надлежност на одделението<br><br>-подготовка на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на општината, кои бараат одлуки од највисоко ниво на општината; |

**Член 8**

Во глава IV. Опис на работните места во Општина Прилеп, 4.Сектор инспекторат, во 4.2.Одделение за просветна инспекција, инспекција за заштита на животна средина и друга инспекција над работи од надлежност на општината, работното место со реден број 114, со шифра ИНС 01 01 В01 001, звање советник инспектор, назив на работното место, Овластен просветен инспектор, во делот на други посебни услови се бришат зборовите: лиценца, дозволи за вршење на инспекциски надзор.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 01-3353/1

25.11. 2024 год.

Градоначалник на Општина Прилеп

Борче Јовчески

САШКА К.

ПРИМЕНО: 10.12.2024

01 3353/3

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

До: Општина Прилеп

**Архивски број: 09-2363/2**
**Датум: 29.11.2024 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24 ) Министерството за јавна администрација дава:

СОГЛАСНОСТ
на

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп со архивски број 01-3353/1 од 25.11.2024 година

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Прилеп**, поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп.

Министерството за јавна администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Прилеп со архивски број 01-3353/1 од 25.11.2024 година.

Со почит,

Министер за јавна администрација
Горан Минчев

Подготвил: Абдула Јашаров


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk